*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ШТИП*

| Службен гласник<br>на Општина Штип<br>Излегува по потреба | Број 16<br>15 декември 2009 година<br>Ш т и п | ГОДИНА XLVI |
|---|---|---|

446.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за пристапување кон измена на Статутот на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4131/2
15 декември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

447.

Врз основа на член 114 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 декември 2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се пристапува кон измена на Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09).

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4131/1
11 декември 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

448.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4132/2
15 декември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

449.

Врз основа на член 21 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09),

Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 декември 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Во Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09) членот 9 се менува и гласи: „Празници на општината се 8 ноември-Ден на ослободувањето на Штип и 19 декември (Свети Никола)-Ден на градот".

Член 2

Во член 10 во став 2 на крајот на реченицата точката се брише и се додаваат зборовите „и градоначалникот".

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 0701-4132/1
11 декември 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

450.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ВОСТАНОВУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

I

Се објавува Одлуката за востановување на општински награди и признанија.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4133/2
15 декември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

451.

Врз основа на член 10 и член 21 точка 32 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 декември 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ВОСТАНОВУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

### Член 1

Во Општина Штип се востановуваат општински награди и признанија.

Награди се доделуват по повод 8 ноември–Денот на ослободувањето на град Штип (во натамошниот текст: Награда 8 ноември) и 19 декември – Денот на градот (во натамошниот текст: Награда 19 декември).

Признанија се доделуваат по повод 8 ноември и за други поводи.

За доделување награда 8 ноември и признанија Советот на Општина Штип донесува одлука.

### Член 2

Наградата 8 ноември ја доделува Советот на Општина Штип по повод Денот на ослободувањето на град Штип.

Наградата 8 ноември е во форма на плакета која го содржи грбот на Општина Штип.

Наградата 8 ноември се доделува на истакнати личности и правни лица кои имаат посебни заслуги и придонес во афирмацијата и развојот на градот во петогодишниот период во областите: образование, наука, уметност, спорт, стопанство, хуманост и друго.

За секоја од областите од став 1 на овој член се доделува по една плакета.

Наградата 8 ноември се востанови и за првпат се додели во 2006 година, а понатаму ќе се доделува секоја петта година по повод годишнината на ослободувањето на градот на свечена седница на Советот.

Наградата ја врачува градоначалникот на Општина Штип на свечена седница на Советот.

Член 3

Признание се доделува за постигнати резултати во доменот на јавно - политички, стопански, научно-истражувачки работи, како и за особени заслуги од областа на културата, иноваторството, здравството, социјалната политика, спортот и во областа за заштитата и унапредувањето на животната средина.

Признанието се доделува на поединци, граѓани на Општина Штип или на други граѓани, правни лица, владини, невладини организации кои преку лично залагање дале особен придонес за градот во рамките на спомenatите области во последната календарска година. Признанието го врачува градоначалникот на свечена седница на Советот.

Член 4

Кандидатите за носители на наградата 8 ноември и признание се предлагаат до Советот на Општина Штип од страна на организации, здруженија и поединци врз основа на претходно објавен конкурс и утврдени критериуми.

Критериуми за доделување на награди и признанија се:

- кандидатите со своето професионално, лично и тимско ангажирање да придонеле кон афирмацијата на градот и развојот во определени области;
- резултатите на нивното ангажирање да се валоризирани и да претставуваат пример на веќе потврдени и општопризнати вредности;
- приоритет имаат кандидатите кои се веќе носители на високи признанија и награди на републичко и повисоко меѓународно ниво;
- кандидатите со својот авторитет и ангажирање да претставуваат синоним на поборник за унапредување на севкупните добра во определената област;
- кандидатите сами по себе со нивното номинирање да придонесуваат кон издигнување и надградба на реномето на наградата како симбол на општо признание од највисок општински ранг.

Член 5

Конкурсот го распишува Комисијата за доделување на награди 8 ноември и признанија именувана од Советот на Општина Штип.

Добиените предлози ги разгледува Комисијата.

Конечната одлука за доделување награди или признанија ја донесува Советот по предлог на Комисијата.

Член 6

Наградата 19 декември ја доделува градоначалникот на Општина Штип.

Наградата 19 декември е парична награда и изнесува 100 евра во денарска противвредност.

Средствата за наградата 19 декември се обезбедуваат од буџетот на Општина Штип-програма градоначалник.

Член 7

Наградата 19 декември се доделува на поединци, граѓани на Општина Штип или на други граѓани, правни лица, владини, невладини организации за постигнати резултати во доменот на јавно - политички, стопански, научно-истражувачки работи, како и за особени заслуги од областа на културата, иноваторството, здравството, социјалната политика, спортот и во областа за заштитата и унапредувањето на животната средина.

Член 8

Кандидатите за носители на наградата „19 декември“ се предлагаат до градоначалникот.

Конечната одлука ја донесува градоначалникот.

Член 9

Добитниците на општинското признание можат да бидат носители и на наградата 8 ноември и наградата 19 декември.

Член 10

Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за востановување на општински награди и признанија („Службен гласник на Општина Штип“ број 11/06).

Член 11

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4133/1
11 декември 2009 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Сузана Николовска, с. р.

452.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА
НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО
БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2009 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во буџетот на Општина Штип за 2009 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-4134/2 | Општина Штип |
| 15 декември 2009 година | Градоначалник |
| Ш т и п | д-р Зоран Алексов, с. р. |

453.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 43 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 декември 2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА
ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2009 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средства во буџетот на Општина Штип за 2009 година и тоа на следниот начин:

| Потставка<br>ставка | Буџет | Самоф. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| **А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | | |
| 401-Основни плати и надоместоци | + 250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421-Комунални услуги, комуникации | + 120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ДОО ГРАДОНАЧАЛНИК** | | | | | |
| 426-Други тековни расходи | + 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Е00 АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 426-Други тековни расходи | +150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423-Ситен инвентар-материјали | +120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424-Поправки и тековно одржување | +150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402-Придонеси од социјално осигурување | - 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464-Други трансфери | - 420.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | | | | |
| **Ђ00 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА** | | | | | |
| 421-Комунални услуги, комуникации | + 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423-Ситен инвентар-материјали | + 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424-Поправки и тековно одржување | - 20.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482-Други градежни објекти | - 40.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | 0 | | | | |
| **Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401-Основни плати и надоместоци | 0 | 0 | 0 | - 1.650.000 | 0 |
| 402-Придонеси од социјално осигурување | 0 | 0 | 0 | - 100.000 | 0 |
| 421-Комунални услуги, греење, транспорт | 0 | 0 | 0 | +800.000 | 0 |
| 424-Поправки и тековно одржување | 0 | 0 | 0 | +750.000 | 0 |
| 425-Превоз на ученици | 0 | 0 | 0 | +200.000 | 0 |
| | | | | 0 | |
| **N20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401-Основни плати и надоместоци | 0 | 0 | 0 | -1.200.000 | 0 |
| 402-Придонеси од социјално осигурување | 0 | 0 | 0 | - 300.000 | 0 |
| 425-Превоз на ученици | 0 | 0 | 0 | - 500.000 | 0 |
| 421-Комунални услуги, греење, транспорт | 0 | 0 | 0 | +330.000 | 0 |
| 424-Поправки и тековно одржување | 0 | 0 | 0 | +1.400.000 | 0 |
| 464-Разни трансфери | 0 | 0 | 0 | +20.000 | 0 |
| 483-Купување опрема | 0 | 0 | 0 | +250.000 | 0 |
| | | | | 0 | |
| **В10 ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 401-Основни плати и надоместоци | 0 | 0 | 0 | -1.200.000 | 0 |
| 402-Придонеси од социјално осигурување | 0 | 0 | 0 | - 200.000 | 0 |
| 421-Комунални услуги, греење, транспорт | 0 | 0 | 0 | +700.000 | 0 |
| 481-Реконструкција на град. објекти | 0 | 0 | 0 | 350.000 | 0 |
| 483-Купување опрема | 0 | 0 | 0 | 350.000 | 0 |
| | | | | 0 | |

**К20 КУЛТУРА**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 401-Основни плати и надоместоци | 0 | 0 | 0 | - 40.000 | 0 |
| 402-Придонеси од социјално осигурување | 0 | 0 | 0 | - 10.000 | 0 |
| 464-Други трансфери | 0 | 0 | 0 | + 30.000 | 0 |
| 425-Договорни услуги | 0 | 0 | 0 | + 20.000 | 0 |
| | | | | 0 | |

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на буџетот на општината за 2009 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4134/1 — Совет на Општина Штип
11 декември 2009 година — Претседател
Ш т и п — Сузана Николовска, с. р.

454.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОСНОВАЊЕ МЕЃУОПШТИНСКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

I

Се објавува Одлуката за основање меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4135/2 — Општина Штип
15 декември 2009 година — Градоначалник
Ш т и п — д-р Зоран Алексов, с. р.

455.

Врз основа на член 18 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ број 79/09), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 1 став 3 и член 9 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09) и член 16 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ“ број 45/97, 23/99, 45/02 и 16/04) и член 46 став 3 од Законот за управување со отпад („Службен весник на РМ“ број 68/04, 71/04, 107/07, 102/08), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 декември 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОСНОВАЊЕ МЕЃУОПШТИНСКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Член 1

Се основа Меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад за потребите на општините кои влегуваат во Источно-планскиот регион.

Член 2

Основачи на Меѓуопштинско јавно претпријатие се општините: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип.

Член 3

Називот на Меѓуопштинско јавно претпријатие гласи: **Меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад „ДЕПОНИЈА ИСТОК“**.

Скратениот назив на претпријатието гласи: **МЈП „ДЕПОНИЈА ИСТОК“**.

Член 4

Седиштето на МЈП „ДЕПОНИЈА ИСТОК“ е во Општина Штип, ул. „Ванчо Прќе“ број 119, кат 2, Штип.

По утврдување на локацијата за депонија, седиштето на МЈП „ДЕПОНИЈА ИСТОК“, ќе биде во општината на чија што територија се наоѓа депонијата.

Член 5

МЈП „ДЕПОНИЈА ИСТОК“ се организира заради соодветно, организирано, економично и квалитетно собирање и транспортирање на комунален и друг вид отпад на подрачјето на овие општини како и давање на услуги на други заинтересирани субјекти.

МЈП „ ДЕПОНИЈА ИСТОК“ ќе ги врши следниве дејности:

- 38.11 – Собирање на безопасен отпад,
- 38.12 – Обработка и отстранување на безопасен отпад,
- 38.31 – Демонтирање на крш,
- 38.32 – Обновување на посебно издвоени материјали и
- 39.00 – Дејности за санација и останати услуги за управување со отпад.

Приоритетна дејност е 38.11 – Собирање на безопасен отпад.

Член 6

Промена на дејноста од член 5 на оваа Одлука, промена на статусот, називот и седиштето може да се врши со согласност на основачите.

Член 7

Основачкиот влог за работа на МЈП „ДЕПОНИЈА ИСТОК“ изнесува **5.000,00 евра** во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка, утврден и објавен на денот на уплатата.

Висината на учеството на основачите се определува согласно бројот на жители на секоја Општина во вкупното население во подрачјето што го покрива МЈП, односно вкупниот број на жители кои живеат во границите на Источно-планскиот регион, според резултатите од последниот попис на населението во РМ објавен од Државниот завод за статистика, и тоа:

| **Основачи** | **Вкупно учество** |
|---|---|
| - Општина Берово | 23.500,00 денари; |
| - Општина Виница | 33.500,00 денари; |
| - Општина Делчево | 29.500,00 денари; |
| - Општина Зрновци | 5.000,00 денари; |
| - Општина Карбинци | 6.800,00 денари; |
| - Општина Кочани | 64.000,00 денари; |
| - Општина Македонска Каменица | 14.000,00 денари; |
| - Општина Пехчево | 9.300,00 денари; |
| - Општина Пробиштип | 27.300,00 денари; |
| - Општина Чешиново-Облешево | 12.600,00 денари; |
| - Општина Штип | 80.400,00 денари. |

Член 8

МЈП „ДЕПОНИЈА ИСТОК“ има својство на правно лице и за превземените права, обврски и одговорности во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка и одговара со целиот свој имот.

МЈП со својство на правно лице се стекнува со денот на уписот во Трговскиот регистар.

Член 9

МЈП „ДЕПОНИЈА ИСТОК“ има свој печат и штембил.

Печатот има форма на круг со текст испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Штембилот има правоаголна форма каде што е испишана фирмата и седиштето на претпријатието на македонски јазик и неговото писмо.

Член 10

Управувањето со МЈП „ДЕПОНИЈА ИСТОК“, спроведувањето на одлуките на органите на управување и работењето на јавното претпријатие се врши во согласност со Законот за јавните претпријатија, Законот за меѓуопштинска соработка, други закони, оваа Одлука и Статутот на претпријатието.

Член 11

Со Договор, потпишан од страна на градоначалниците од општините кои се основачи на МЈП „ДЕПОНИЈА ИСТОК“, ќе се уредат меѓусебните права и обврски.

Член 12

Органи на МЈП „ДЕПОНИЈА ИСТОК“ се Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење и директор.

Член 13

Управниот одбор на МЈП „ДЕПОНИЈА ИСТОК“ се состои од **11 члена** и тоа по **1 член** од секоја општина – основач што го именува и разрешува Советот на општината - основач на МЈП „ДЕПОНИЈА ИСТОК“, по предлог на градоначал-никот на општината-основач.

Управниот одбор полноправно работи и одлучува доколку на седница присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 (четири) години.

Во случај на престанок на мандатот или во случај на распуштање на Управниот одбор, тој продолжува да ги врши функциите до именување на нов Управен одбор.

Член 14

Орган за вршење на контрола на материјално-финансиско работење на претпријатието е Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење (во понатамошниот текст: Надзорен одбор).

Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење на МЈП се состои од 5 члена кои ги именуваат Советите на општините

основачи, со мандат од 2 години, без право на повторен избор од истата општина, а по предлог листа од сите градоначалници на општините основачи, донесена со две третини гласови.

Член 15

Орган на раководење на претпријатието е директорот на МЈП.

Директорот на претпријатието го избираат односно разрешуваат, градоначалниците од сите општини основачи, со две третини гласови од вкупниот број на градоначалници, врз основа на јавен конкурс.

Мандатот на директорот трае 4 (четири) години.

Член 16

За лице кое ќе ги води работите на претпријатието до неговото конституирање, се именува г-дин Ратко Димитровски, претседател на Советот на развој на Источниот плански регион.

Член 17

Статутот на МЈП ќе се донесе и именувањето на органите ќе се изврши во рок од 3 месеци дена од денот на Уписот во Централниот регистар и со истиот поблиску ќе се уреди организацијата, управувањето и раководењето со јавното претпријатие, општите акти и постапката за нивното донесување, како и други прашања од значење за меѓуопштинското јавно претпријатие.

Другите акти на МЈП ќе се донесат во рок од 3 месеци од донесувањето на Статутот.

Член 18

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип, а ќе започне да се применува по нејзино усвојување од страна на сите Совети на општините-основачи.

Број 0701-4135/1
11 декември 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

456.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УЧЕСТВО
# НА ОПШТИНА ШТИП ВО ИПА ПРОГРАМА
# ЗА МЕЃУГРАНИЧНА СОРАБОТКА
# ПОМЕЃУ БЈР МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА
# ПРОЕКТ „ПЛАТФОРМА ЗА ЕНЕРГЕТСКО ПЛАНИРАЊЕ“

I

Се објавува Одлуката за учество на Општина Штип во ИПА Програма за меѓугранична соработка помеѓу БЈР Македонија и Република Бугарија проект „Платформа за енергетско планирање“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4136/2
15 декември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

457.

Врз основа на член 14 став 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 декември 2009 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО ИПА
# ПРОГРАМА ЗА МЕЃУГРАНИЧНА СОРАБОТКА
# ПОМЕЃУ БЈР МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА
# ПРОЕКТ „ПЛАТФОРМА ЗА ЕНЕРГЕТСКО ПЛАНИРАЊЕ“

Член 1

Општина Штип ќе учествува во ИПА Програмата за соработка помеѓу БЈР Македонија и Република Бугарија.

Соработката помеѓу Општина Штип-БЈР Македонија и Општина Ќустендил и НВО „Вива Пауталија-Р. Бугарија“-Р. Бугарија ќе биде во рамките на проект „Платформа за енергетско планирање“.

Во проектот од став 2 на овој член Општина Штип ќе биде партнер.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4136/1
11 декември 2009 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

458.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УЧЕСТВО
НА ОПШТИНА ШТИП ВО ИПА ПРОГРАМА
ЗА МЕЃУГРАНИЧНА СОРАБОТКА
ПОМЕЃУ БЈР МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА
ПРОЕКТ „ТУРИЗАМ БЕЗ ГРАНИЦИ“

I

Се објавува Одлуката за учество на Општина Штип во ИПА Програма за меѓугранична соработка помеѓу БЈР Македонија и Република Бугарија проект „Туризам без граници“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4137/2
15 декември 2009 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

459.

Врз основа на член 14 став 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07,

11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 декември 2009 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО ИПА
ПРОГРАМА ЗА МЕЃУГРАНИЧНА СОРАБОТКА
ПОМЕЃУ БЈР МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА
ПРОЕКТ „ТУРИЗАМ БЕЗ ГРАНИЦИ“

Член 1

Општина Штип ќе учествува во ИПА Програмата за соработка помеѓу БЈР Македонија и Република Бугарија.

Соработката помеѓу Општина Штип-БЈР Македонија и Општина Ќустендил-Р. Бугарија ќе биде во рамките на проект за „Туризам без граници“.

Во проектот од став 2 на овој член Општина Штип ќе биде партнер.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4137/1
11 декември 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

460.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УЧЕСТВО
НА ОПШТИНА ШТИП ВО ИПА ПРОГРАМА
ЗА МЕЃУГРАНИЧНА СОРАБОТКА
ПОМЕЃУ БЈР МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА
ПРОЕКТ „СПОДЕЛЕНО ЗНАЕЊЕ-ИНВЕСТИЦИЈА ЗА ИДНИНАТА“

I

Се објавува Одлуката за учество на Општина Штип во ИПА Програма за меѓугранична соработка помеѓу БЈР Македонија и Република Бугарија проект „Споделено знаење-инвестиција за иднината“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4138/2
15 декември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

461.

Врз основа на член 14 став 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 декември 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО ИПА ПРОГРАМА ЗА МЕЃУГРАНИЧНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ БЈР МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА ПРОЕКТ „СПОДЕЛЕНО ЗНАЕЊЕ-ИНВЕСТИЦИЈА ЗА ИДНИНАТА“

Член 1

Општина Штип ќе учествува во ИПА Програмата за соработка помеѓу БЈР Македонија и Република Бугарија.

Соработката помеѓу Општина Штип-БЈР Македонија и Општина Ќустендил-Р. Бугарија ќе биде во рамките на проект „Споделено знаење-инвестиција за иднината“.

Општина Штип во проектот од став 2 на овој член ќе биде водечки партнер.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4138/1
11 декември 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

462.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО ИПА ПРОГРАМА ЗА МЕЃУГРАНИЧНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ БЈР МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА ПРОЕКТ „БАЛКАНСКА РАБОТИЛНИЦА ЗА ТЕАТАР“

I

Се објавува Одлуката за учество на Општина Штип во ИПА Програма за меѓугранична соработка помеѓу БЈР Македонија и Република Бугарија проект „Балканска работилница за театар“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4139/2
15 декември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

463.

Врз основа на член 14 став 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 декември 2009 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО ИПА ПРОГРАМА ЗА МЕЃУГРАНИЧНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ БЈР МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА ПРОЕКТ „БАЛКАНСКА РАБОТИЛНИЦА ЗА ТЕАТАР“

Член 1

Општина Штип ќе учествува во ИПА Програмата за соработка помеѓу БЈР Македонија и Република Бугарија.

Соработката помеѓу Општина Штип-БЈР Македонија, Општина Ќустендил-Р. Бугарија и Општински драмски театар-Ќустендил-Р. Бугарија ќе биде во рамките на проект „Балканска работилница за театар“.

Во проектот од став 2 на овој член Општина Штип ќе биде партнер.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4139/1
11 декември 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Сузана Николовска, с. р.

464.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО ИПА ПРОГРАМА ЗА МЕЃУГРАНИЧНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ БЈР МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА ПРОЕКТ „ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО ПОГРАНИЧНИОТ РЕГИОН“

I

Се објавува Одлуката за учество на Општина Штип во ИПА Програма за меѓугранична соработка помеѓу БЈР Македонија и Република Бугарија проект „Информативен центар за развој на мали и средни претпријатија во пограничниот регион“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4140/2
15 декември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

465.

Врз основа на член 14 став 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 декември 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО ИПА ПРОГРАМА ЗА МЕЃУГРАНИЧНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ БЈР МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА ПРОЕКТ „ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО ПОГРАНИЧНИОТ РЕГИОН“

Член 1

Општина Штип ќе учествува во ИПА Програмата за соработка помеѓу БЈР Македонија и Република Бугарија.

Соработката помеѓу Општина Штип ЗХА „Синергија“-БЈР Македонија и НВО „Alternatives 21“-Јакоруда-Р. Бугарија ќе биде во рамките на проект „Информативен центар за развој на мали и средни претпријатија во пограничниот регион“.

Во проектот од став 2 на овој член Општина Штип ќе биде партнер.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4140/1
11 декември 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

466.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПЕЧАТЕЊЕ НА КНИГАТА „ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ОЛИМПИЕЦ“

I

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства за печатење на книгата „Првиот македонски олимпиец“.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4141/2
15 декември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

467.

Врз основа на член 21 точка 35 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 декември 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПЕЧАТЕЊЕ НА КНИГАТА „ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ОЛИМПИЕЦ“

Член 1

За печатење на книгата „Првиот македонски олимпиец“ се доделуваат финансиски средства во износ од 27.720,00 денари.

Средствата да се преведат на печатница „2ри август“-Штип.

Средствата од став 1 да се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2009 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4141/1
11 декември 2009 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

468.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА БК „БАЛКАНЕЦ 2008“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства на БК „Балканец 2008“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4142/2
15 декември 2009 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

469.

Врз основа на Барањето за спонзорство од БК „Балканец 2008“ број 07-27/367 од 10 ноември 2009 година и член 21 точка 35 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 декември 2009 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
# НА БК „БАЛКАНЕЦ 2008“-ШТИП

Член 1

На Боречкиот клуб „Балканец 2008“-Штип се доделуваат финансиски средства во износ од 150.000,00 денари.

Средствата ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2009 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4142/1
11 декември 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

470.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА
# ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4143/2
15 декември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

471.

Врз основа на член 21 точка 36 и член 46 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 декември 2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 1

Се доделуваат финансиски средства на:

1. Здружение „Македонски егеј“ за доизградба и доуредување на спомен паркот на борците и жртвите од егзодусот на Македонците од Егејска Македонија – 20.000,00 денари.
2. Меѓуопштинско здружение на ЦИВ-Штип за воспоставување на соработка со МОЗ ЦИВ-Лесковац, Република Србија – 10.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2009 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 0701-4143/1 | Совет на Општина Штип |
| 11 декември 2009 година | Претседател |
| Ш т и п | Сузана Николовска, с. р. |

472.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ
## НА УО НА ОЈУДГ „АСТИБО“-ШТИП

I

Се објавува Решението за именување членови на УО на ОЈУДГ „Астибо“- Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4144/2
15 декември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

473.

Врз основа на член 96 став 8 и 11од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 98/00, 17/03, 65/04, 113/05, 98/08, 107/08 и 83/09) и член 21 точка 22 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 декември 2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР
НА ОПШТИНСКАТА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА -
ДЕТСКА ГРАДИНКА „АСТИБО“-ШТИП

1. За членови во Управниот одбор на Општинската јавна установа за деца-Детска градинка „Астибо“-Штип, **се именуваат**:

   - **Никола Мицевски**
   - **Милена Ристова Михајловска**
   - **Марјан Манов**

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4144/1
11 декември 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

474.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА
ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА
КОМИСИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ
НА НЕДВИЖЕН ИМОТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Решението за именување претседател и членови на Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4145/2
15 декември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

475.

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ“ број 61/04) и член 21 точка 31 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 декември 2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА
НЕДВИЖЕН ИМОТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА
ОПШТИНА ШТИП

1. За претседател и членови на Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Штип **се именуваат**:

   За претседател:
- **Маре Каранакова**

   За членови:
- **Силвана Николова**
- **Јана Јанкова**
- **Павле Радојев**
- **Венцислав Бочварски**
- **Николче Јовановски**
- **Трајче Ристов**
- **Сашко Николов**
- **Никола Спасов**
- **Даниел Алексов**
- **Дејан Василев**
- **Лазар Хаџи-Николов**
- **Габриела Насева**
- **Лилјана Златкова**

2. Со влегувањето во сила на ова Решение престанува да важи Решението број 0701-1145/1 од 29 јули 2005 година и Решението број 0701-294/1 од 25 јануари 2008 година.

3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4145/1
11 декември 2009 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Сузана Николовска, с. р.

476.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА

ЗА ДОНЕСУВАЊЕ И ФИНАНСИРАЊЕ НА
ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА
НОВОГОДИШНИТЕ И БОЖИКНИТЕ ПРАЗНИЦИ
2010 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за донесување и финансирање на Програмата за одбележување на Новата 2010 година и Божикните празници.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-4146/2 | Општина Штип |
| 15 декември 2009 година | Градоначалник |
| Ш т и п | д-р Зоран Алексов, с. р. |

477.

Врз основа на член 48 став 1 и член 21 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 декември 2009 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ И ФИНАНСИРАЊЕ
НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА
НОВОГОДИШНИТЕ И БОЖИКНИТЕ ПРАЗНИЦИ-2010

Член 1

Се донесува Програма за одбележување на Новогодишните и Божикните празници-2010 со следните **заклучоци**:

1. Во Програмата да се додаде посета на градоначалникот на филтер станицата.
2. Од Програмата од буџет за активности за Нова година да отпадне ставката „Вработени коктел и пакетчиња за деца – 41.000,00 денари“. Средствата да се пренаменат за театарски претстави за деца или други активности поврзани со деца.

Составен дел на оваа одлука е Програмата за одбележување на Новогодишните и Божикните празници-2010.

Член 2

Средствата во износ од 1.399.000,00 денари за реализирање на програмата ќе се обезбедат од буџетот на општината за 2009 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4146/1
11 декември 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

478.

## ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ 2010

Координативното тело за организирање на програмата за дочек на Нова година ги утврди активностите за одбележување на Нова година и Божиќ.

Основно начело од кое членовите на коориднативното тело се раководеа е водење на грижа за издвоените финансиски средства, сондирање на квалитетни идеи и поубаво украсување на градот. Одбележувањето на новогодишните активности ќе започне со 19 декември, Свети Никола, во чест на заштитникот на градот и соборната црква Свети Никола која е седиште на брегалнчиката епархија.

Што се однесува до конкретните активности за одбележување на Нова година, координативното тело одлучи годинава да нема организиран дочек на градскиот плоштад со оглед на високите цени и обидите за заштеда. Иако беше разгледан минатогодишниот дочек на градскиот плоштад, членовите на телото истакнаа дека тоа е убава манифестација но дека многу поубаво е средствата кои се издвојуваат за ангажирање на пејачи и поставување на бина, да се искористат за дополнително украсување на градот. Координативното тело смета дека поголем ефект ќе се добие доколу десетина дена пред Нова година Штип биде украсен и се овозможи граѓаните да уживаат во прошетките со своите најблиски, отколку да се издвојат средства за неколку часа забава на градскиот плоштад. Во зависност од понудите, ќе се одлучи дали средствата ќе се купат или ќе бидат изнајмени од соодветни субјекти за таа намена.

Украсувањето на градот ќе биде концентрирано на потегот од новиот мост спроти Стопанска банка па се до зградата на Општина Штип, од двете страни на Отиња, низ двете улици. Со помош на уметници и архитекти, ќе

се осмисли украсувањето на локациите зад Гимназија „Славчо Стојменски“ (место познато како парада) и парковите пред кафулето Ајс. Координативното тело е на став дека треба да се украсат мостовите на овој простор за да се овозможи централното градско подрачје да биде украсени онака како што треба. Воедно се поттикнуваат јавните институции од овој дел (ОУ Ванчо Прке и Заводот Музеј и ректоратот на Универзитет Гоце Делчев) да ги украсат своите простори со што би се заокружила севкупната слика на овој дел од градот.

Во зависност од расположивите средства, ќе се украсат и улица Ванчо Прке и градскиот плоштад (со дел од останатите украси од изминатите години) за да се создаде амбиент за соодветен пречек на новата година.

Предвидено е украсување и на кружниот тек на влезот во Штип, со оглед на тоа што станува збор за влез во градот и според координативното тело истиот треба да биде соодветно уреден за оние кои влегуваат во Штип. Ќе се украсат и дел од столбовите долж булеварот Гоце Делчев.

Координативното тело воедно ќе упати повик до сите граѓани самостојно да ги украсат своите дворови, објекти и тераси и со тоа да помогнат во креирање на соодветни услови (украсување) за дочек на Нова година. Со оглед на можностите, координативното тело ќе ги охрабри граѓаните да вложат онолку колку што можат и колку што домашниот буџет им го дзоволува тоа. Воедно, координативното тело ќе упати повик до сите фирми да помогнат колку што можат во украсувањето на градот, најнапред со украсување на сопствените простори а дури потоа и со донации доколку се во можност да го сторат тоа. Ова е со цел да се продлабочи соработката помеѓу јавно-приватниот сектор и да се анимираат граѓаните за активности кои се во интерес на сите.

За таа цел и годинава ќе се доделат награди за најдобро украсени индивидулни објекти, јавни институции и фирми.

Граѓаните преку медиумите ќе бидат повикани да го проследат огнометот кој ќе се одвива во 24 часот. Координативното тело донесе одлука да се издвојат и тука минимални средства. Предвидени се и традиционалните посети на градоначалникот на службата за итна помош, на првата родилка како и на пожарната и полициската служба и доделување на пригодни подароци.

Ќе се организира традиционалната средба помеѓу новинарите, советниците и градоначалникот за што се воспоставени контакти со Универзитетскиот клуб каде истата би требало да се одржи. Исто така ќе биде организиран и коктел за вработените како и доделување на пакетчиња за децата. На градскиот плоштад, симболично ќе се организира доаѓање на дедо мраз со присуство на децата од локалните училишта.

Комисијата за спорт во соработка со сојузот на спортови и годинава ќе додели награди за најуспешни спортисти. Во соработка со штипскиот

театар, предвидени се средства за театарска претстава, која би се одиграла во Дом на култура „Ацо Шопов“ и на која би се собрале сите деца. Предвидено е гостување на театарска претстава на театарот од Велес.

За време на Божиќните празници, предвидена е посета на одредени урбани заедници од страна на градоначалникот, д-р Зоран Алексов, што е воспоставена традиција од минатите години.

Координативното тело се надева дека со предвидените средства за одбележување на Новогодишните и Божиќните празници, пред се со побараните средства за украсување на градот, ќе се создадат услови и атмосфера која ќе им се допадне на граѓаните.

| **ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НОВА ГОДИНА И БОЖИЌ** |
|---|
| **19.12.2009-Сабота** |
| -Одбележување Свети Никола |
| |
| **21.12.2009-Понеделник** |
| 10:00-Формирање на комисија за избор на спортист на годината |
| 12:00-Формирање на комисија за избор на најдобро украсени објекти |
| |
| **24.12.2009 Четврток** |
| 10:00-Избор на најукрасени објекти |
| |
| **22-25.12.2009** |
| -Претстава за деца |
| |
| **25.12.2009-Петок** |
| 11:00-Доделување на наградите за најукрасен објект |
| 20:00-Коктел советници и новинари |
| |
| **28.12.2009-Понеделник** |
| 10:00-Посета Градоначалник на СВР на дежурна екипа |
| 11:30-Посета Градоначалник на дежурен пожарникар |
| 12:30-Посета Градоначалник на одделение за брза помош и дежурен |
| |
| **29.12.2009-Вторник** |
| 11:00-Објавување на спортисти на годината |
| 11:30-Коктел |
| |
| **30.12.2009-Среда** |
| 09:00-Прием на деца од градинки |
| |
| **31.12.2009-Четврток** |
| 13:00-Посета на плоштад (доаѓање на дедо мраз) |
| |
| **01.01.2009-Петок** |
| -Посета на новороденче |

| |
|---|
| -Посета на дежурни доктори |
| |
| -Божиќни (бадникови) посети на УЗ |
| |
| |

| **БУЏЕТ ЗА АКТИВНОСТИ ЗА НОВА ГОДИНА (во денари)** | |
|---|---|
| Награди за дежурен полицаец, пожарникар и лекар | 10.000 |
| Декорации награди | 10.000 |
| Прво бебе штедна книшка | 10.000 |
| Играчка, цвеќе и бонбоњера за мајката | 2.000 |
| | |
| Коктел за советници и новинари | 40.000 |
| За пречек на деца и ученици | 5.000 |
| | |
| Ангажирање на дедо мраз | 1.000 |
| Бомбони и балони | 4.000 |
| | |
| Материјал за новинари (пенкало и бележници) | 36.000 |
| Честитки | 10.000 |
| Фотографии | 5.000 |
| Украсување на простор за нова година | 800.000 |
| Огномет | 60.000 |
| Средства за УЗ за Божиќ и Бадник | 30.000 |
| Избор на спортист | 30.000 |
| Театарска претстава | 56.000 |
| | |
| **Вкупно**: | **1.109.000** |

П Р О Г Р А М А
ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ СВ. НИКОЛА - ДЕН НА ГРАДОТ (2009)

| *ред.бр.* | *термин на одржување* | *манифестација* | *носител* | *час место на одржување* | *буџет* |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **18.дек.09** | **Празнична вечерна богослужба Соборен храм „Свети Николај“** | МПЦ-Брегалничка епархија | 17.00 храм Св.Николај | |
| | | | | | |
| **2.** | | **Свечена академија** | Општина&НУ А. Шопов | 19.00 НУ А. Шопов | |
| | | **в**одител-артист Страшко Милошевски/сценски изведба житие за св. Никола | | | 85.000 |
| | | **Хор при Соборен храм „Свети Николај“** | Тропар на Св.Никола Величание на Св. Никола | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **О**браќање на градоначалникот и Митрополитот на Брегалничката епархија г.Иларион и врачување на признанија 19.декември | | | |
| | | **к**онцерт Женски камерен хор *„Св.Злата Мегленска“* | | | |
| | | | | | |
| 3. | | Концерт на „Љубојна“ | Дом на млади | 22.00 | |
| **4.** | **19.дек.09** | **Света архиерејска богослужба Соборен храм Св.Николај** | МПЦ-Брегалничка епархија | 09.00 храм Св.Николај | |
| | | | | | |
| **5.** | | **Литија Соборен храм Св.Николај-Плоштад** | МПЦ-Брегалничка епархија | 11.30 Плоштад | |
| | | | | | |
| **6.** | | **Кршење на празничен колач Празнична беседа на поглаварот на МПЦ г.г. Стефан н**астап на Одделот за етнокореологија- Горан Ангелов | МПЦ-Брегалничка еперхија&Општина | 12.00 Плоштад | 202.000 |
| | | Одбележување на чинот на визната либерализација:Настап на естрадни уметници: Елена Ристевска, Јован Јованов, Елвир Мекиќ | | | |
| **7.** | | **Прием на архиереите на МПЦ од страна на градоначалникот д-р Зоран Алексов** | Општина Штип | 13.00 | 3.000 |
| | | | | | |
| | | **печатен материјал:** програма/билборд/покана за изложба-свеч.академија-церада/ | | | |
| | | | | | 290000 |

479.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ ЗА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2010-2011 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за донесување на Локален акциски план за родова рамноправност за Општина Штип за 2010-2011 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-4147/2
15 декември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

480.

Врз основа на член 5 став 2 и член 6 став 3 алинеја 3 од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ број 66/06), член 46 и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 11 декември 2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН
ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ ЗА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2010-2011 ГОДИНА

I

Се донесува Локален акциски план за родова рамноправност за Општина Штип за 2010-2011 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 0701-4147/1
11 декември 2009 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска, с. р.

481.

# ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ ЗА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2010-2011

Општина Штип се наоѓа во централниот источен дел на Република Македонија. Се работи за урбана општина, град кој зафаќа просторна површина од 556 км$^2$, односно 3,1 % од површината на Републиката, со 71 населено место. Површината на градот со населбите е 13,5 км$^2$. Општина Штип лежи во средно сливно подрачје на реката Брегалница. Се граничи со седум општини и тоа: Радовиш, Конче, Неготино, Градско, Лозово, Св. Николе и Карбинци, со добра местоположба и патна поврзаност. Подрачјето на Штип е претежно со планинска и ридска местоположба, со исклучок на Кочанската, Овчеполската и Лакавичката котлина, со долините на реките Брегалница и Лакавица. Со новата територијална поделба на Република Македонија, од општината Штип се издвои општина Карбинци, која сега егзистира самостојно, но во низа сегменти и натаму е тесно поврзана со Штип.

Генералната слика за вкупното население во двете општини, како и споредба со вкупното население на Република Македонија според пол, возраст и националност (според пописот на населението, домаќинствата и становите во РМ 2002 година) за Општина Штип е дадено во следнава табела:

| | **Вкупен број на жители во Општина Штип (по полова и национална структура)** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Општина** | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Останати |
| **Штип** | 47796 | 41670 | 12 | 1272 | 2195 | 2074 | 294 | 11 | 265 |
| **жени** | 23876 | 20935 | 4 | 612 | 1039 | 981 | 153 | 6 | 146 |
| **мажи** | 23920 | 20735 | 8 | 660 | 1156 | 1093 | 144 | 5 | 119 |
| **Р.М. (%)** | 2.36 | 3.21 | 0 | 1.63 | 4.07 | 21.39 | 0.83 | 0.06 | 1.26 |

Старосната структура на населението во двете општини е дадена во следната табела:

| **Број на население во општина Штип по возраст (жени-мажи)** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **возраст** | **вкупно** | | **жени** | | **мажи** | |
| | **број** | **%** | **број** | **%** | **број** | **%** |
| **0-14 год.** | 8600 | 17.99 | 4211 | 17.64 | 4389 | 18.35 |
| **15-64год.** | 34438 | 72.05 | 17036 | 71.35 | 17402 | 72.75 |
| **65 и пов.** | 4753 | 9.94 | 2625 | 10.99 | 2128 | 8.9 |
| **непознато** | 5 | 0.01 | 1 | 0 | 4 | 0.02 |
| **вкупно** | 47796 | 100 | 23876 | 100 | 23920 | 100 |

Во однос на старосната структура на населението во Штип од 15-64 год. е застапена со 72 %, додека, додека најстарата група (над 65 год.) е застапена само со приближно 10 %.

**Вовед**:

Комисијата за еднакви можности е формирана како тело од времен карактер на иницијатива и лобирање од страна на пет советнички при Советот на Општина Штип на 26.01.2006 год. Претседателка на Комисијата беше советничка, потпретседател беше маж, а во составот влегуваа уште две жени и еден маж. За координатор од ЛС беше избрана жена.

Работата на комисијата се манифестираше преку редовни заседавања на кои се разгледуваа сите правни акти и потенцијални одлуки на Совет од гледна точка на родовата сензибилност. По истите комисијата се произнесуваше, давајќи свои сопствени ставови, сугестии и предлог одлуки.

На Комисијата се разгледуваа барања од здруженија на граѓани и барања за еднократна финансиска помош што имаа родова природа и по истите се доставуваа предлог одлуки до Советот.

КЕМ покрена и реализира локални активности и акции во соработка со НВО-секторот. Истата се вклучи како партнер во ЛС во повеќе проекти. Беше вклучена во иницијативата за регионално вмрежување на Комисиите за еднакви можности во источниот дел на РМ.

На иницијатива на Комисијата беше формирано координативно тело составено од претставници од сите средни училишта во Штип, заменик народниот правобранител, инспектори од подрачната единица на СВР Штип, претставник од Центарот за социјална работа како и НВО секторот. Телото е формирано за изготвување на стратешка програма за борба против трговија со луѓе.

На иницијатива на КЕМ и Координативното тело беше спроведена обука во сите средни училишта.

На предлог на КЕМ во годишните програми на сите основни и средни училишта беше вметната родовата компонента.

КЕМ покрена иницијатива до МТСП (сектор за еднакви можности меѓу мажите и жените) за презентирање и ревидирање на Нацрт националниот акционен план за еднакви можности, одржано во Штип на 14.02.2007 година.

По повод 8-ми март, Комисијата, во соработка со НВО изработи памфлети со содржина од Законот за еднакви можности.

Беше организирана дебата на тема „Жената низ призмата на трудот“ со учество на повеќе релевантни фактори.

КЕМ како претставник на ЛС беше локален партнер при имплементирањето на проектот: промовирање механизми за еднакви можности на локално ниво во Бугарија, Македонија и Војводина.

КЕМ по повод светскиот ден за борба против семејно насилство организираше форум на тема: Стоп за семејно насилство–размена на

искуства и идни делувања. Презентери на форумот беа претставници од судството, обвинители, народен правобранител, претседател на Совет на општина Штип, ЦСР; НВО сите жени советнички, КЕМ од општина Карбинци, координаторот за еднакви можности и сите членови на комисијата за еднакви можности. На форумот беа промовирани експертските трудови од областа од оваа област и беа дистрибуирани памфлети за семејно насилство од страна на КЕМ.

Во тековните активности на овој состав на комисијата беше и формирањето на локално партнерство во кое учество земаа сите членови на Комисијата, НВО кои третираат прашања од женски карактер, претставници од Центарот за социјални работи и други засегната страни со цел изготвување на Локален акционен план за еднакви можности.

Акциониот план беше изготвен и поднесен до Секторот за еднакви можности на мажите и жените при Министерството за труд и социјална политика.

Комисијата за еднакви можности во денешниот состав беше формирана со решение 0701-1154/1 од 21 мај 2009 година.

Претседател на комисијата е жена, а членови се две жени и двајца мажи. Координатор од ЛС е жена.

Новиот состав на оваа Комисија оваа година имаше повеќе активности. Една од активностите беше запознавање со постоечкиот ЛАП кој е изготвен од претходниот состав на КЕМ и можностите за имплементација на истиот во понатамошната работа на КЕМ.

Втората активност беше запознавање со Законот за родова еднаквост на членовите на КЕМ за нивно сензибилизирање за понатамошно унапредување на родовата рамноправност во сите сфери на нивното делување во рамките на ЛС и сите останати чинители на заедницата.

Потоа следеше разгледување на годишните планови и програми на образовните институции и укажување на истите во нив да се имплементира родовата компонента.

На 15 октомври се одржа трибина по повод Светскиот ден на руралната жена во организација на ЛС, КЕМ и НВО „Нов живот“. Во трибината учествуваа претставници од УГД како и од областа на здравството.

Беа застапени повеќе теми: Местото на руралната жена во економскиот развој, Правилната исхрана, Превенција од малигни заболувања на репродуктивните органи кај жената и препознавање на зависници од психотропните супстанци.

Беше спроведена анкета за структурата на вработените во јавниот и приватниот сектор во однос на пол, националност и образование. Добиените податоци ќе се користат за изготвување на проекти од областа на родовата рамноправност.

**Приоритетни области на делување**

По конституирањето на новиот состав на КЕМ, беше констатирано дека повеќето од членовите на новиот состав на Советот на општината се прв пат во улога на советници. Тие имаат познавања од проблематиката за родовата еднаквост, но имаат потреба од поголема родова сензибилизација. Поради ваквата состојба КЕМ смета дека на овој план треба да бидат преземени активности со цел советниците да бидат запознаени со законската регулатива од оваа област. Во таа насока, КЕМ ќе организира обуки со цел инкорпорирање на перспективата на родовата рамноправност во главните текови на политиките, програмите и проектите на локално ниво.

Спрема релевантни податоци од ЦЗЈ постои зголемен број на сексуално-преносливи болести кои ја намалуваат репродуктивната способност кај младите. Сето тоа го загрозува наталитетот на ниво на општината поради што КЕМ се одлучи да ги преземе долу наведените активности.

Според географската положба, бројот на жителите Општина Штип спаѓа во оние општини во кои егзистенцијата на поголемиот дел на населението се обезбедува преку работно ангажирање во производните капацитети. Текстилството е доминантно и има најголем опфат на работници. Оттука, состојбите во оваа дејност во голема мера влијаат на квалитетот на живеење на поголемиот број на жителите во градот, вклучувајќи ја тука и жената. Отстранувањето на сите облици на дискриминација на пазарот на трудот во текот на производниот процес е основен предуслов за остварувањето на човековите права.

Врз основа на индивидуални разговори со работнички во конфекции, чести изјави при приватни средби, секојдневно (општопознато на сите) враќање во доцните часови со автобуси е доказ за горенаведената состојба. Жените, во состојбата во која се наоѓаат, не се во можност тоа да го докажат, а самите работодавци не дозволуваат истражувања врз база на кои ќе се докаже состојбата. Меѓутоа тоа не значи дека не постои кршење на правата на работничките во Конфекциите. Напротив, крајно време е да се преземат конкретни активности со цел надминување на таа состојба која во нашиот град трае предолго.

Имајќи го предвид ова, КЕМ ќе се обиде да ја детектира состојбата на жените работнички, воочувајќи го проблемот со евентуално непочитувањето на Законот за работни односи. Имено, ќе утврди дали тие работат за ниски плати, во можни лоши работни услови и видно отсуство на ХТЗ заштита. Дали се почитува работното време и дали се често се работи прекувремено и дали за тоа се соодветно платени. Дали се изложени на уцени, закани од страна на нивните работодавци. Можеби проблемот со изнаоѓање на ново работно место ги прави ранливи и ги принудува да молчат за своите права, од страв дека ќе останат и без таа, каква-таква егзистенција.

Затоа, КЕМ сметаше дека третирањето на овој проблем преку анализа на состојбата и преземање на други активности за негово ублажување треба да биде еден од приоритетите во нејзиното работење.

Проблемите постојат и при вработување, но и невработеноста, сама за себе е едно горливо прашање на кое треба да се посвети посебно внимание.

Проблемот со невработеноста беше продуциран во процесот на социјална и економска трансформација на земјата. Промената на пазарот на трудот и сопственоста на производните капацитети и претпријатијата предизвикаа одредени категории на граѓани кои биле вработени во истите, да се најдат во ситуација да не можат да си ја обезбедат сопствената егзистенција. Овој проблем ги засега мажите, но и жените.

Сметаме дека една од следните понатамошни активности на КЕМ би можела да се однесува токму на ублажувањето на овој проблем во нашата општина.

**Табела со цели, задачи и показатели**

| ПРОБЛЕМ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | ПОКАЗАТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| Недоволна застапеност на членови од одреден пол во управните одбори на јавните претпријатија и воспитно-образовните установи | Пропорционална застапеност на помалку застапениот пол во управните одбори | - Изготвување на анализа на моменталната состојба во управните одбори<br>-Укажување на одговорните лица за потребните промени во составот на управните одбори по принципот на родова еднаквост | Зголемен број на членови на управните одбори од помалку застапениот пол |
| Зголемен број на млади луѓе заболени од сексуално преносливи инфекции | Подигање на свеста на средношколската младина за сексуално-преносливите болести и можните последици од нив во насока на превенција од истите | - Утврдување на степенот на познавање на проблемот<br>- Утврдување на ефектот од спроведените активности | -Резултати добиени од двојната анкета |
| Нерегулирано работно време на жените вработени во конфекциите | Доследно почитување на законските регулативи во однос на работното време<br>Запознавање на жените со нивните права од Законот за работни односи и | -Изготвување на анкетни листови за информираноста на работниците за нивните права<br>-Спроведување на анкета во повеќе конфекции<br>-Организирање на | -Намалување на случаите на пречекорување на работното време |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Гранков колективен договор | трибини за запознавање со нивните права | |

**ЦЕЛ**: **Пропорционална застапеност на помалку застапениот пол во управните одбори на јавните претпријатија и воспитно-образовните установи**

**План за акција:**

| **Активности** | **Кога (време)** | **Со што (потребни ресурси: технички и човечки)** | **Кој (одговорно лице)** | **Буџет** |
|---|---|---|---|---|
| - Подготовка на прашалник до директорите на јавните претпријатија за листи на членовите на управните одбори, | 1 месец (јануари 2010 година) | Сите членови на КЕМ<br>- Директори на јавните претпријатија и воспитно-образовните установи | -Претседател на КЕМ, Комисијата за еднакви можности и координатор на општина Штип за еднакви можности | **4000 денари** |
| - Организирање на дебата за значењето на пропорционалната застапеност и одредбите од Законот за еднакви можности | февруари 2010 година | Обезбедени просторни услови Видео–бим Претставници од ЛС, членови на Комисија за мандатни прашања НВО-сектор, директори на ЈП, | | **6000 денари** |
| - Известување на Комисијата за мандатни прашања при Советот на општина Штип за добиените резултати од анализата | март 2010 | | | |
| Предлог за промена на Управните одбори каде што не е испочитуван ЗЕМ | март 2010 | | | |
| | | | **Вкупно**: | **10.000 ден.** |

**ЦЕЛ: Подигање на свеста на средношколската младина за сексуално-преносливите болести и можните последици од нив во насока на превенција од истите**

**План за акција**:

| **Активности** | **Кога (време)** | **Со што (потребни ресурси: технички и човечки)** | **Кој (одговорно лице)** | **Буџет** |
|---|---|---|---|---|
| Постигнување заеднички договор меѓу локалната самоуправа ,директорите на средните училишта и ЦЈЗ за целта, методологијата и динамиката на претстојните активности | септември 2010 | Членови на Комисијата<br>директорите и наставниците од образовните институции | Претседател на КЕМ, комисија КЕМ и координатор<br>На Општина Штип за еднакви можности | |
| Изготвување на анкетни листови | | ЦЈЗ | ЦЈЗ | **2 x 1000 = 2000** |
| Спроведување на анкета пред едукацијата за сексуално – преносливи болест | октомври 2010 | | Волонтери | **7.200ден. (анкетни листови)** |
| Анализа на добиените податоци и одредување на приоритетни теми за едукација | ноември и декември<br>2010 | | ЦЈЗ | **2 x 4000 = 8000** |
| Избор на обучувачи, стручни лица од ЦЈЗ – Штип | декември 2010 | | | |
| -Организирање на предавања со ученици од | јануари2011-<br>април 2011 | -Предавачи од ЦЈЗ | | **Хонорари за обучувачи** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| II и III година во средните училишта | | -Претставници од НВО<br>-Членови на комисијата<br>-Наставен кадар | | **2 x 3000x4 = 24000** |
| - Пост евалуација – анкетирање по спроведната едукација | април 2011– јуни 2011 | Центар за јавно здравје<br>НВО<br>ЛС | Претседател на КЕМ, комисија за еднакви можности и<br>Координатор на општина Штип | **(7200 ден.)**<br>**анкетни листови** |
| Анализа на добиените резултати и утврдување на насоки за идно делување | јуни и јули 2011 | | ЦЈЗ | **2 x 2000 = 4000 ден.** |
| Изготвување на брушури со едукативна содржина и статистички податоци | септември 2011 | | | **500 бро. x 20 = 10.000 ден. (брошури)** |
| Презентација на резултатите од добиената анкета преку: медиумско претставување | Октомври 2011 | Локални електронски медиуми | | |
| | | | **Вкупно:** | **62.400 денари** |

**ЦЕЛ**: **Почитување на законот за работни односи и основни човекови права за жените во конфекциите**

**План за акција**:

| **Активности** | **Кога (време)** | **Со што (потребни ресурси: технички и човечки** | **Кој (одговорно лице)** | **Буџет** |
|---|---|---|---|---|
| Спроведување на анонимна анкета на вработени во приватниот сектор за должината на работното време | јануари 2011 | НВО<br>Анкетари-волонтери<br>Човечки и технички ресурси од ЛС<br>Анкетирани лица (целна група) | Координатор на општина Штип за еднакви можности и претседател на КЕМ<br>Членови на КЕМ | **10.000 денари** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Анализа на добиените резултати од анкетата | февруари 2011 и март 2011 | Волонтери | Координатор наОпштина Штип за еднакви можности и претседател на КЕМ | **15.000денари** |
| Детектирање на најчестите отстапувања од работното време | март 2011 | Волонтери | | |
| Организирање 2 трибини за запознавање со Гранковиот колективен договор на работниците во текстилната индустрија<br><br>Организирање на дебатни емисии во живо на локалните телевизии каде можат да се јавуваат засегнати граѓани | април и мај 2011 | Трудови инспектори сопственици на МК Народен правобранител вработени во конфекциите | Координатор на Општина Штип за еднакви можности и претседател на КЕМ | **5000х2**<br><br>**5000х2** |
| | | | **Вкупно**: | **45.000.00 ден.** |

## Мониторинг

Мониторинг над сите активности предвидени во Акциониот план ќе врши координаторот на Општина Штип за еднакви можности заедно со претседателот на Комисијата за еднакви можности и членовите на КЕМ, кој ќе доставува редовни извештаи до Министерството за труд и социјална политика. Исто така координаторот за еднакви можности од Локалната самоуправа ќе доставува редовни извештаи за својата работа до Секторот за еднакви можности при Министерството за труд и социјална политика.

482.

Врз основа на член 24-а став 3 од Законот за дополнување на Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ“ број 38/96, 06/02, 40/03, 49/06 и 22/07), член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 36 став 1 алинеја 5 и член 51 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број

01/03, 18/07, 11/08 и 07/09), градоначалникот на Општина Штип на **15 декември 2009 година**, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА ЈП „ШТИП-ПРОЕКТ“-ШТИП

1. За вршител на должноста директор на ЈП „Штип-проект“-Штип се именува **Љубе Здравков**, дипломиран економист.

Должноста вд директор на ЈП „Штип-проект“ - Штип Љубе Здравков ќе ја врши до изборот на директор на јавното претпријатие.

2. Решението ќе се применува од 17 декември 2009 година.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 04-4160/1
15 декември 2009 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
д-р Зоран Алексов, с. р.

---

## С О Д Р Ж И Н А


| Р.бр. | | страна/број |
|---|---|---|
| 446. | Решение за објавување на Одлука за пристапување кон измена на Статутот на Општина Штип | 769/16 |
| 447. | Одлука за пристапување кон измена на Статутот на Општина Штип | 769/16 |
| 448. | Решение за објавување на Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Штип | 770/16 |
| 449. | Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Штип | 770/16 |

| | | |
|---|---|---|
| 450. | Решение за објавување на Одлука за востановување на општински награди и признанија | 771/16 |
| 451. | Одлука за востановување на општински награди и признанија | 772/16 |
| 452. | Решение за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во буџетот на Општина Штип за 2009 година | 775/16 |
| 453. | Одлука за измена на распоредот на средствата во буџетот на Општина Штип за 2009 година | 775/16 |
| 454. | Решение за објавување на Одлука за основање меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад | 777/16 |
| 455. | Одлука за основање меѓуопштинско јавно претпри-јатие за управување со отпад | 778/16 |
| 456. | Решение за објавување на Одлука за учество на Општина Штип во ИПА Програма за меѓугранична соработка помеѓу БЈР Македонија и Република Бугарија проект „Платформа за енергетско планирање“ | 781/16 |
| 457. | Одлука за учество на Општина Штип во ИПА Програма за меѓугранична соработка помеѓу БЈР Македонија и Република Бугарија проект „Платформа за енергетско планирање“ | 782/16 |
| 458. | Решение за објавување на Одлука за учество на Општина Штип во ИПА Програма за меѓугранична соработка помеѓу БЈР Македонија и Република Бугарија проект „Туризам без граници“ | 783/16 |
| 459. | Одлука за учество на Општина Штип во ИПА Програма за меѓугранична соработка помеѓу БЈР Македонија и Република Бугарија проект „Туризам без граници“ | 783/16 |
| 460. | Решение за објавување на Одлука за учество на Општина Штип во ИПА Програма за меѓугранична соработка помеѓу БЈР Македонија и Република Бугарија проект „Споделено знаење-инвестиција за иднината“ | 784/16 |
| 461. | Одлука за учество на Општина Штип во ИПА Програма за меѓугранична соработка помеѓу БЈР Македонија и Република Бугарија проект „Споделено знаење-инвестиција за иднината“ | 785/16 |
| 462. | Решение за објавување на Одлука за учество на Општина Штип во ИПА Програма за меѓугранична соработка помеѓу БЈР Македонија и Република | 786/16 |

| | | |
|---|---|---|
| | Бугарија проект „Балканска работилница за театарска уметност“ | |
| 463. | Одлука за учество на Општина Штип во ИПА Програма за меѓугранична соработка помеѓу БЈР Македонија и Република Бугарија проект „Балканска работилница за театарска уметност“ | 786/16 |
| 464. | Решение за објавување на Одлука за учество на Општина Штип во ИПА Програма за меѓугранична соработка помеѓу БЈР Македонија и Република Бугарија проект „Информативен центар за развој на мали и средни претпријатија во пограничниот регион“ | 787/16 |
| 465. | Одлука за учество на Општина Штип во ИПА Програма за меѓугранична соработка помеѓу БЈР Македонија и Република Бугарија проект „Информативен центар за развој на мали и средни претпријатија во пограничниот регион“ | 788/16 |
| 466. | Решение за објавување на Одлука  за доделување финансиски средства за печатење на книгата „Првиот македонски олимпиец“ | 789/16 |
| 467. | Одлука  за доделување финансиски средства за печатење на книгата „Првиот македонски олимпиец“ | 789/16 |
| 468. | Решение за објавување на Одлука за доделување финансиски средства на БК „Балканец 2008“-Штип | 790/16 |
| 468. | Одлука за доделување финансиски средства на БК „Балканец 2008“-Штип | 790/16 |
| 470. | Решение за објавување на Одлука за доделување финансиски средства | 791/16 |
| 471. | Одлука за доделување финансиски средства | 792/16 |
| 472. | Решение за објавување на Решение за именување членови на УО на ОЈУДГ „Астибо“- Штип | 792/16 |
| 473. | Решение за именување членови на УО на ОЈУДГ „Астибо“- Штип | 793/16 |
| 474. | Решение за објавување на Решение за именување претседател и членови на Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Штип | 794/16 |
| 475. | Решение за именување претседател и членови на Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот на подрачјето на Општина Штип | 794/16 |
| 476. | Решение за објавување на Одлука за донесување и финансирање на Програмата за одбележување на Новогодишните и Божикните празници 2010 година | 795/16 |
| 477. | Одлука за донесување и финансирање на Програмата | 796/16 |

| | | |
|---|---|---|
| | за одбележување на Новогодишните и Божикните празници-2010 | |
| 478. | Програма за одбележување на Новогодишните и Божикните празници 2010 | 797/16 |
| 479. | Решение за објавување на Заклучок за донесување на Локален акциски план за родова рамноправност за Општина Штип за 2010-2011 | 801/16 |
| 480. | Заклучок за донесување на Локален акциски план за родова рамноправност за Општина Штип за 2010-2011 | 802/16 |
| 481. | Локален акциски план за родова рамноправност за Општина Штип за 2010-2011 | 803/16 |
| 482. | Решение за именување вршител на должноста директор на ЈП „Штип-проект“-Штип | 811/16 |